THE GLOBAL LANGUAGE OF BUSINESS

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ**




# Dot Foods

## Национален редистрибутер на храна кој користи квалитетни податоци како брз пат за раст

### ПРЕДИЗВИК

Компанијата Dot Foods го престави својот онлајн каталог на производи – (Dot Expressway®) во 1997 година со цел да обезбеди можности за подобро пребарување за своите потрошувачи и комерцијалисти. Со над 105.000 производи од 700 добавувачи, Dot имаше за цел во целост да ја искористи својата пазарна предност преку проширување и засилување Expressway со уште поцелосни и поточни информации за производите.

### РЕШЕНИЕ

Dot ја започна својата иницијатива за квалитет на податоците која го трансформираше Expressway да може да содржи проширени и валидизирани атрибутивни податоци. Добавувачите на Dot ги објавуваат најсуштинските информации како што се димензиите на пакувањата и тежините, како и маркетиншките и нутритивните информации како што се состојки, алергени и слики преку податочни базени кои потоа се синхронизираат со системот на Dot преку Глобалната Мрежа за Синхронизација на Податоците - Global Data Synchronization Network™ (GDSN®).

### БЕНЕФИТИ

Денес, Dot Expressway добива над 1,5 милиони пребарувања месечно од своите корисници, вклучувајќи ги во овој број над 2,800 дистрибутери и 310 оператори со храна. Дистрибутерите и продажните претставници на Dot го користат Expressway кога продаваат на потрошувачите со цел да остварат зголемена продажба. Со точните податоци Dot ги намали трошоците и го подобри менаџментот на складиштата, го оптимизираше утоварот и ја зголеми продуктивноста.

„Квалитетните податоци не само што ги намалуваат трошоците, туку ние докажавме дека можат и значително да ја зголемат продажбата. Expressway и квалитетните податоци во него се клучните фактори кои го овозможуваат овој раст – обемот на користење на податоците и продажбата".

— **CULLEN ANDREWS**,
Director of National Accounts, Dot Foods

Dot Foods е првиот и најголемиот редистрибутер во САД и работи во сите 50 сојузни држави и уште во други 25 држави преку своите девет дистрибутивни центри. Повеќе од 50 години, Dot развива иновативни решенија кои носат бенефити не само за нивните операции, туку и за операциите на нивните производители, дистрибутери и клиентите на нивните дистрибутери – угостителски и кетеринг оператори кои варираат од мали ресторани до големи институции.

Во 1997, Dot го воведе својот онлајн каталог на производи наречен Dot Expressway. „Една од најголемите предности на Dot е нашата експанзивна линија на различни виднови на производи од многу различни производители", објаснува Cullen Andrews, еден од директорите на Dot Foods, а потоа дообјаснува „во тој момент ние едноставно имавме потреба од датабаза низ која може да се врши пребарување на нашите производи означени со редни броеви и нивните описи погодни за брз преглед". Пазарната побарувачка секако е сменета во изминативе 20 години. Dot го држи чекотор со тековите преку постојано зајакнување на  Expressway со цел да стана високо-корисна алатка за нејзините корисници, примарно дистрибутерите, брокерите и националните оператори со храна.

Expressway сега содржи над 105.000 производи од 700 различни добавувачи. Производите можат да се пребаруваат по многу различни карактеристики и атрибути, од категоријата на производите, специфичен производ и добавувач итн. „Возбудени сме поради растечкиот интерес и употребата на Expressway", вели Andrews. „Речиси 2.800 од нашите дистрибутери го користат Expressway и стапката на раст на примената изнесува 32% годишно на пребарувањата од страна на националните оператори последниве години".

Најголем двигател на популарноста на Expressway е достапноста на целосни и точни податоци за производите. Добавувачите на Dot објавуваат сè повеќе и повеќе атрибути на производите преку нивните податочни базени, користејќи ја GDSN мрежата за размена и синхронизација на овие податоци со Dot. 70% од сите производи Expressway ги содржат сите најважни информации кои се синхронизирани преку GDSN со добавувачите. Повеќе од половината, содржат и маркетиншки и нутритивни податоци, за разлика од 2011 кога само околу 15% од производите во Expressway ги содржеа овие податоци.

"Нашите добавувачи почнаа да ја разбираат моќта на квалитетните податоци за остварување на продажбата. Покрај тоа што квалитетот на податоците може да ги намали трошоците, исто така се зголемува и продажбата", вели Ендрјус. „Ние сме сведоци на се повеќе и повеќе активности на Expressway, а квалитетот на податоците е главната причина за овој раст на употребата и на продажбата".

Ендрјус обелодени дека продажните агенти на дистрибутерите – кои се речиси 4.000 од 671 дистрибутерски организации, го користат Expressway за да остварат директна продажба на лице место со своите купувачи. „Со сите податоци за производите и слики поставени во Expressway, продажниот агент може лесно да одговори на евентуалните прашања на купувачите а потоа и да направи нарачка преку Expressway", вели Ендрјус.

„Од најголема важност е да добиваме точни податоци за производите од нашите добавувачи, а тоа има за цел оптимизација на користењето на нашиот складиштен простор и намалување на трошоците".

— **DEBBIE BOWER**,  Director of eCommerce, Dot Foods

Debbie Bower, директорката на e-commerce одделот, укажува на уште еден голем бенефит од квалитетот на податоците - намалување на трошоците. „Неквалитетните податоци генерираат трошоци кај сите во синџирот на снабдување, не само во дистрибуцијата. Тоа е отпад во системот на чие отстанување мора сите стејколдери мора да работат", вели Боуер. „Ние буквално ги товариме нашите камиони врз основа на податоците што ги добиваме од добавувачите преку GDSN. Со точни податоци, ние сме во состојба ги пополниме нашите камиони рационално, а тоа навистина значи многу кога возиме над 100 милиони милји годишно".

И во складиштата, зголемена е ефикасноста на процесите и менаџментот, а работниците заштедуваат време и пари. „Ако висината на кутијата не е точна, продуктивноста опаѓа, а растат трошоците. Трошоците во синџирот на снабдување како што се овие, ги засегаат сите стејкхолдери", објаснува Боуер. „Од суштитна важност е да добивамие точни податоци за производите од нашите добавувачи, за да можеме оптимално да го користиме просторот во складиштата, со што трошоците ќе се намалат".

Dot на сите им препорачува да се приклучат кон Иницијативата Стандардизација на GS1 US во индустријата за храна во угостителството и кетерингот (Foodservice GS1 US Standards Initiative) за детални совети и вмрежување со другите учесници. Dot, исто така, се залага за процесот на управување со податоци за да се обезбеди и да се заштити интегритетот на податоците. Резултатите и редовната комуникација во врска со статусот на иницијативата, исто така, се важни за сите вклучени страни.

„Мислам дека треба да застане на страната на иницијативата за зајакнување на вредноста на квалитетот на податоците за добавувачите, дистрибутерите, операторите со храна и потрошувачите. Конечно, има за цел сите да ги почувствуваат бенефитите и да остварат раст и напредок",  заклучува Ендрјус.

За да дознаете и научите повеќе за Dot Foods, посетете ја нивната веб страница  www.dotfoods.com. Исто така доколку сакате да дознаете и научите повече и за Иницијативата Foodservice GS1 US Стандарди: www.gs1us.org/foodservice.